Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 194/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Славчо Неделковски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов: „Јотова: Децата не дојдоа да се сретнат само со бугарските институции, туку заедно со бугарските деца да сликаат за мир, за разбирање, за добрососедство", објавен на интернет порталот 24.mk, на Телевизијата 24, на 24.07.2023, не отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени од Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 24.07. 2023 година од Славчо Неделковски пристигна жалба за содржина со наслов:„Јотова: Децата не дојдоа да се сретнат само со бугарските институции, туку заедно со бугарските деца да сликаат за мир, за разбирање, за добрососедство“, објавена на 24.07.2023 на порталот 24.mk

Славчо Неделковски се жали и смета дека станува збор за неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација, мешање факти и мислење, вест и коментар, презумпција на невиност и заштита на сведоци, нарушени авторски права/ плагијат и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Па додава: “Овој медиум... пласира лаги и невистини без да користи извори и користи извори на судски органи кои тоа не го изјавиле“. И притоа ја цитира реченицата: „Од ОЈО Битола потврдуваат дека ја добиле кривичната пријава од МВР за злоупотреба на деца од Битолскиот Монмартр кои без да знаат нивните родители биле носени на средби со битолски политичари“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, побара од 24.mk да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Одговор од медиумот не беше добиен.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата не е основана и одлучи да ја отфрли.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ја утврдуваат вистинитоста на фактите наведени во неа, а кои се во надлежност на обвинителствата, МВР и судовите. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата со мнозинство гласови заклучи дека оспорената содржина главно е агенциска вест, дојдена од Бугарија, во која нема никакви етички или професионални отстапувања. Единствена авторска интервенција е додадената реченица, *„Од ОЈО Битола потврдуваат дека ја добиле кривичната пријава од МВР за злоупотреба на деца од Битолскиот монмартр кои без да знааат нивните родители биле носени на средби со битолски политичари“*. За мнозинството членови таа реченица не е многу битна, бидејќи главната вест е сосема друга. Што сугерира и насловот. Содржината на писмото што Јотова ќе го пратела во Европа. Комисијата смета дека во 24.mk треба да поведат сметка за лекторирањето на текстовите.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Се обврзува интернет – порталот Off.net.mk во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595